| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Цреshите во пролет |
| **Содржина на денот** | Ајде да играме |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Потсетување на децата за физичкото растојание и начинот на кој се изведува за зачувување на нивното здравје.<br>Потсетување на хигиената на рацете, кога и зошто треба да се мијат. |
| **Активности** | Преку музика и движење кај децата на оваа возраст треба да се создадат умеења и способности со движење преку телото и интелектот да го одразат карактерот, содржината и музиката, односно, во зависност од формата и содржината на музичкото дело ќе се мотивира и ќе се развива спонтаност или корелигија на музичкиот гест. За таа цел ќе се користат најразлични движења: движење на целото тело, движење на рацете, со нозете. Како најпогодни за овој вид на актиност се музичките творби со нагласена моторичка сугестивност.<br>Најнапред со своето дете изведете лесни физички вежби за раздвижување на севкупната физичка маса.<br>По раздвижувањето со детето изберете една од изучените песни на која ќе се радува да изведува движења. Седнете и замижете, пуштите ја песната да се потсетите на музиката, текстот и да го почуствувате ритамот. По слушањето објаснете му ја целта (да ја изрази содржината преку движења и да го усогласи ритамот (брзината со сопствените движења).<br>Се пушта песната и детето оставете го самостојно со своите двиижења да се изрази. Кога ќе заврши седнете и преку вербална комуникација пофалете го детето, за изразување преку движења.<br>Активноста завршете ја со изведување на вежби за опуштање на мускулната маса и правилно дишење. |